Пиперката е многу интересен и лесно достапен за обичниот читател, што ќе му осигури однапред голем број на читатели од редовите на широките народни маси.

Љубен ЛАПЕ

## БОРО АРСОВСКИ „РАБОТНИЧКОТО СИНДИКАЛНО И КОМУНИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ НА ТЕКСТИЛНИТЕ И ШАВАЧКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СКОПЈЕ 1908-1945. ИЗД. АРХИВ НА СКОПЈЕ, СКОПЈЕ 1981, СТР. 277.

Од богатата и разновидна издавачка дејност на Архивот на Скопје, пред кусо време излезе од печат трудот на Боро Арсовски: „Работничкото синдикално и комунистичко движење на текстилните и шивачките работници во Скопје 1908-1945", кој на извесен начин го дополнува трудот на истиот издавач со наслов „Синдикатите во Скопје 1908-1971", публикуван во 1971 година.

Концепцијата на авторот, сеопфатно да ја прикаже активноста на текстилните и шивачките работници во напредното работничко и комунистичко движење во Скопје, на кое и самиот му припаѓа, и нивниот класен однос и ангажман во еден широк временски распон од 37 години, односно од формирањето на првата синдикална организација на текстилните работници во Скопје во 1908 година, па сè до 1945 година, успешно е реализирана. Компонирањето на овој мозаик од револуционерни акции и настани, во еден од најсудбоносните периоди од животот на македонскиот народ, во кој се случуваат маркантни историски настани како што се Младотурската револуција, Балканските и Првата светска војна, делбата на Македонија, за одново да се најде поробена и со колонијален статус, не само во Кралството Југославија, туку и кај соседните балкански монархии Грција и Бугарија, бараа од авторот големи усилби, во собирањето и систематизирањето на фактографијата.

Имајќи ги предвид трите различни по општествено уредување државни системи, но со една заедничка особина, наполно да го потчинат и асимилираат македонскиот народ, што било проследено со жестока експлоатација и терор, авторот успеал да ги повлече главните компоненти на напредното работничко движење на текстилните и шивачките работници во Скопје и да ја излачи нивната револуционерна акција во класната борба, а чија крајна консеквенца била економската борба (штрајкот и тарифните акции), како и акциите од политички, но и од национален карактер. Исто така авторот со мноштво податоци го прикажува и учеството на текстилните и шивачките работници од Скопје во Народноослободителната војна и Револуцијата.

x

Трудот на Боро Арсовски „Работничкото синдикално и комунистичко движење на текстилни-

те и шивачките работници во Скопје 1908-1945", покрај белешката на издавачот и кусиот увод поделен е на четири дела. Дел први го носи насловот: „Првите чекори кон организирана класна борба" (с. 17-31), во кој меѓу другото станува збор и за првата синдикална организација на шивачките работници во 1908 и за првиот штрајк во 1909 година.

Во вториот дел: „Непомирлива класна борба меѓу двете светски војни 1918-1941" (с. 33-132), што е и најобемен, прикажана е борбата на текстилните и шивачките работници за обновување на синдикалната подружница во Кралството Југославија, нивната соработка со КПЈ, а особено од 1937 година; економската и политичката борба — бројните тарифни акции и штрајковите; учеството во протестните акции од политички карактер, како што е масовната демонстрација по парламентарните избори во 1938 година; протестните демонстрации по повод окупацијата на Чехословачка и Албанија, аншлусот на Австрија; прославувањето на Први мај и Илинден 1940 година; учеството на демонстрациите од 26 и 27 март 1941 година итн.

Третиот дел: „Активност во текот на Народноослободителната војна 1941-1945" (с. 133-178), го обработува учеството на текстилните и шивачките работници од Скопје во НОВ, а особено нивната активност во фронтот на задницата во градот. Посебно внимание им е посветено на организаторите и водачите на шивачките и текстилните работници во Скопје од предвоениот период, како што се Цветан Димов, Јордан Николов-Орце и Раде Јовчев ски-Корчагин кои со отпочнувањето на Народноослободителната војна и Револуцијата израснуваат во организатори на НОВ во Македонија.

Четвртиот дел (с. 179-259) содржи одделни биографски податоци за синдикалните и партиските активисти и учесници во напредното работничко и комунистичко движење и во НОВ, од средината на текстилните и шивачките работници во Скопје; преглед на членовите на КПЈ за периодот 1920-1933 (с. 261); преглед на членовите на КПЈ од 1933 -1944 (с. 262); преглед на кандидатите за членови на КПЈ кон крајот на 1944 година (с. 263); за истиот период преглед на членовите на СКОЈ (с. 264); преглед на воспитните групи кон крајот на 1944 (с. 265). Во одделен преглед дадени се податоци на учесниците во НОВ и Револуцијата (с. 266), потоа на загинатите борци во НОВ (с. 267). На крајот е поместен прегледот на ползуваната литература, списокот на анкетираните текстилни и шивачки работници учесници во напредното работничко движење и во НОВ, списокот на кратенки и регистарот на личните имиња (с. 268 -375).

x

Боро Арсовски во презентираниов труд зафаќајки се со проблемот да ја објасни и прикаже револуционерната акција на текстилните и шивачките работници во Скопје, настојува да го прикаже и континуитетот на нивната класна борба и прави обид да ја даде генезата на штрајкачкото движење во Македонија. Ме-

ѓутоа, недоволното истражување на авторот за проблемот на штрајкачкото движење, има за последица почетокот на истото да го датира во 1900 година со штрајкот на работниците на железничката линија Велес-Демир -Капија.

Нужно е да истакнеме, дека авторот синдикалното движење и акциите на работничката класа, особено штрајковите и тарифните акции на текстилните и шивачките работници во Скопје, како и дејноста и улогата на урсовите синдикати, ги прикажува во корелација со економско-политичката состојба на Македонија во Кралството Југославија. Боро Арсовски му посветува посебно внимание и на процесот на обновувањето на синдикалните подружници и на синдикалното движење воопшто, како и на неговата тесна соработка со КПЈ до објавувањето на Обзнаната. Борбата за опстанок на класното движење во Македонија, со посебен акцент на синдикалното организирање на текстилните и шивачките работници во Скопје во условите на монархистичката диктатура, исто така е предмет на истражување и проучување на авторот. На доволен простор објаснета е и улогата на урсовите синдикати и влијанието на СКЈ во нив, што наоѓа силна рефлексија во класната борба на македонскиот пролетаријат во квечерината на Втората светска војна.

Паралелно со прикажувањето на економската борба, низ целиот текст како црвена нишка авторот ја следи и политичката борба, како и дејноста на работничките културно-уметнички друштва, особено на „Абрашевиќ" (за периодот меѓу двете војни) и на „Македонија" (за периодот на НОВ), како и на други, во класното воспитување и револуционерно ангажирање на текстилните и шавачките работници и работничката класа во Скопје.

Во вториот дел што изобилува со податоци за штрајковите и тарифните акции, со кои се бара 8 часовно работно време, зголемување на заработувачката (надницата), подобри работни услови, социјално осигурување, право на синдикално организирање итн., изведена е успешна реконструкција на класната борба на текстилните и шивачките работници во која постојано е присутна националната компонента и политичката диференцијација и растеж. Имено, според податоците на Боро Арсовски, растежот во класно-националното осознавање кај текстилците може да се следи од формирањето на првата партиска ќелија на текстилните и шивачките работници на 15 октомври 1939 година во Скопје, а која тогаш броела само 4 члена, до април 1941 година, кога таа успеала да опфати и организира 444 акивисти и членови на КПЈ, а во кој недостасуваат податоци (изразени во бројки) скоро за целиот меѓувоен период.

Со бугарската окупација на Македонија, кога Скопје станува и седишта на административниот, воен и пропаганден апарат на фашистичка Бугарија за Македонија, движењето на текстилните и шивачките работници добива поширока револуционерна димензија. Растежот на партиските кадри и симпатизерите бележи по-

раст. Дел од нив израснува во раководен кадар на вооружената борба на македонскиот народ против тројните окупатори и фашистичкиот поредок. Органската поврзаност на текстилците со Партијата и Месниот комитет на КПЈ во Скопје, има за резултат и нивна тесна соработка и преземање на заеднички акции, како што е растурањето на летци, партиски материјал или органот на скопската партиска организација „Весник." Во тој контекст треба да се согледа и улогата на шивачката работилница „Шивачки колектив," формирана со цел да ѝ служи на партиската организација во Скопје како пункт за врски, за одржување на илегални состаноци, за престој на илегалци, за чување на собраната народна помош и сл. Со истото внимание авторот ги обработува и трите шивачки работилници што од септември 1944 година се формираат од составот на организираните скопски шивачи, а кои изработуваат облека исклучиво за потребите на Народноослободителната војска. Посебно внимание им е посветено на учеството на текстилните и шивачките работници во единиците на Народноослободителната војска, следејќи го нивното учество од Првиот скопски партизански одред (август 1941) до Сремскиот фронт и завршните операции за конечното ослободување на Југославија.

Авторот со внимание и пиетет го следи револуционерниот пат на текстилните работници и народните херои Цветан Димов, Јордан Николов-Орце и Раде Јовчевски-Корчагин. Тој ја истакнува нивната улога во организирањето на текстилните и шивачките работници пред војната, како и во текот на НОВ во Скопје, но недоволно е обработена нивната улога и значење за работничкото движење во Македонија, како и во времето на Народноослободителната војна воопшто.

Трудот на Боро Арсовски „Работничкото синдикално и комунистичко движење на текстилните и шивачките работници во Скопје 1908-1945" е топло сведоштво за континуираната класна борба на текстилците во Скопје. Авторот вложил многу труд да ја прецизира хронологијата на акциите и настаните, како и во изнаоѓањето и собирањето на податоци за штрајковите, тарифните и политичките акции, за учеството во НОВ на текстилните и шивачките работници во Скопје. Извршената анкета и собраните сеќавања, за жал добар дел од нив, се усни кажувања; при немањето на доволно архивска документација тие успешно дополнуваат некои од празнините во движењето на текстилците. Нужно е да констатираме, дека и при овој вид публикации потребна е поширока консултација на литературата и објавените документи. Нивното отсуство е забележително и покрај бројните податоци што ни ги нуди оваа публикација. Трудот на Боро Арсовски е пишуван коректно и претставува уште еден прилог за историјата на работничкото движење во Македонија.

Вера ВЕСКОВИЌ-ВАНГЕЛИ